РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-907/1
23-02-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 28-та седница одржана на 17.02.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1532/1 од 15.05.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за службеното лице ----, Државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-1532/1 од 15.05.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 15.05.2025 година, поднесена е пријава за службеното лице ----, Државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје ---- и оформен е предмет бр. 12-1532/1 од 15.05.2025 година. Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека пријавеното лице не поседува диплома за завршен правен факултет, односно истиот наводно поседувал несоодветна диплома од завршен правен факултет во Република Хрватска, нострифицирана во РСМ.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Министерството за образование и наука и Министерството за правда.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Видно од податоците доставени од Министерството за образование и наука, службеното лице ----, има извршена нострификација за странска високообразовна квалификација, односно е донесено Решение бр. ---- од 04.06.2009 година, со кое дипломата издадена на 30.03.2009 година со бр. ---- од правниот факултет при универзитетот во Приштина во Република Косово е признаена во Република Македонија како документ за завршено високо образование и стекнат стручен назив дипломиран правник. Горенаведеното решение било донесено врз основа на член 159 став 2 и став 3 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", бр. 35/2008, 103/2008 и 26/2009) на предлог на стручната комисија за еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации или дел од високообразовни студии стекнати во странство од научните подрачја на општествените науки.

Според член 20 став 2 од Законот за Државното правобранителство ("Службен весник на Република Македонија", бр. 87/2007 и 104/2015 и "Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 53/2024), за државни правобранители се именуваат лица кои треба да ги исполнуваат условите наведени во ставот 1 алинеи 1 и 3 на овој член и да се дипломирани правници со работно искуство на правни работи најмалку пет години по положен правосуден испит.

Од извршениот увид во предметната документација, ДКСК констатира дека пријавеното лице во 2009 година дипломирал на правниот факултет при универзитетот во Приштина во Република Косово, а дипломата е признаена во Република Македонија како документ за завршено високо образование и стекнат стручен назив дипломиран правник.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК